Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

**Информација за доставено мислење до МВР по однос на предлог Стандардна оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење**

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) согласно овластувањата кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и други сурови, нечовечни или понижувачки постапувања или казнувања, Законот за Народниот правобранител и Деловникот за работа на Народниот правобранител на 14.05.2014 година по барање на Министерството за внатрешни работи достави Мислење по предлог Стандардна оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење.

Во мислењето беше истакнато дека предлог Стандардната оперативна процедура која е изготвена од страна на надлежното министерство ги утврдува стандардите и процедурите на лишување од слобода и истовремено ги вклучува препораките на Националниот превентивен механизам.

Дополнително беше препорачано во Стандардна оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење да биде содржан и делот на задржување согласно Законот за прекршоци односно да се има предвид член 96 од наведениот закон каде стои дека *“По барање на задржаниот за задржувањето ќе се извести и неговиот работодавач ,односно дипломатското претставништво на странската држава, ако е потребно нешто да се преземе за заштита или згрижување на децата и другите членови на семејството, за кои се грижи задржаното лице, како и надлежниот центар за социјална работа”*

Народниот правобранител препорача Стандардната оперативна процедура да се дополни и со информирање на лицето кое е задржано дека е под постојан видео надзор (во оние полициски станици каде видео надзорот е во просториите каде престојуваат лица лишени од слобода), воспоставување на јасност во роковите, поточно дека “*Задржувањето може да трае најдолго 24 часа од моментот на лишување од слобода и во овој рок лицето мора да се изведе пред надлежниот судија”* обезбедувањето на право на приватност при користењето на тоалети од страна на задржаните лица со исклучок кога е направена претходна проценка за ризик и постои потреба од заштита на личната безбедност како на задржаното лице, така и на безбедноста на полициските службеници, повикување на лекар од превентивен карактер во случај на висок степен алкохолизираноста на лицето кое е задржано во полициска станица, како и други предлози во насока на подобрување на оперативните правила со кои ќе се зајакне системот на превенција и заштита од нехумано или сурово постапување кон лицата кои се лишени од слобода.